ОПШТИНА КАРПОШ

Предлагач: Градоначалник на Општина Карпош,

Изработил: Координатор за еднакви можности на жените и мажите и Комисија за еднакви можности

# ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година

Скопје, ноември 2025 година

ВОВЕД

Програмата за активностите на Општина Карпош во обласa на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2026 година има цел да го промовира и унапреди начелото за еднаквост меѓу жените и мажите согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2012, 30/2013, 166/2014), Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство.
Програмата предвидува организирање на трибини, работилници и советувања од повеќе области, како и конкретни проекти чие имплементирање ќе придонесе за зголемување на нивото на јавната свест за потребата од еднаквите можности меѓу жените и мажите.
Програмата ќе се реализира во рамките на расположливите материјални и финансиски средства, во соработка со надлежните институции во државата, невладини организации, како и здруженија на граѓани кои дејствуваат во сферата на правата на жените.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24“), Советот на Општина Карпош, на __________________ седница, одржана на______________ 2025 година, донесе

**ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година**

## I. Развојни приоритети и цели

Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2026 година предвидува неколку приоритетни области за унапредување и промовирање на концептот за еднакви можности меѓу жените и мажите во општина Карпош.

Приоритетни цели предвидени во Програмата се:

1. Здравје – превентивни прегледи и советувања за специфични женски и машки болести
2. Превенција и советување за спречување на семејното насилство и помош на жртвите од семејно насилство
3. Надминување на родовите стереотипи при избор на понатамошно образование
4. Жените во дигиталниот свет
5. Фитнес за жени
6. Поддршка на Локалниот совет за женско претприемништво

## II. Проектни активности

| 1. | Здравје – превентивни прегледи и советувања за специфични женски и машки болести |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Реализација на проекти за бесплатни совети, прегледии превенција од специфични женски и машки болести |
| **Предлагач:** | Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на проекти од областа |
| **Стратешки насоки и цели:** | Да се обезбедат бесплатни совети и прегледи за женски и машки болести, специфицирани по возраст, економска и социјална состојба, или специфицирани по податоци за зголемена стапка на заболеност |
| **Очекувани резултати:** | Навремено дијагностицирање, навремена превенција и совети од стручни лица за жителите од Карпош |
| **Целна група:** | Сите жители од Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 400.000,00 денари |

| 2. | Превенција и советување за спречување на семејното насилство |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Реализација на проекти кои имаат за цел да допринесат за намалување на семејното и родово базираното насилство, психо-социјална поддршка на жртвите, како и проекти за директна поддршка на шелтер центрите кои згрижуваат жртви од насилство. |
| **Предлагач** | Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на проекти од областа |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Подигање на свеста за постоење на семејното и родово базираното насилство и негово препознавање, како и помош на жртвите од насилство. Спроведување на законските регулативи и обврски на ЕЛС кои произлегуваат од Истанбулската конвенција |
| **Очекувани резултати:** | Подигање на свеста за постоење на семејното насилство во нашето опкружување; изнаоѓање на начин за откривање и препознавање на жртвите од семејно насилство, особено кај децата; поддршка за одржување на активностите на шелтер центрите, укажување на законските регулативи за спречување на семејното насилство. |
| **Целна група:** | Жени и деца жртви на семејно и родово базирано насилство од Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000,00 денари |

| 3. | **Надминување на родовите стереотипи при избор на понатамошно образование** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Спроведување на проекти за кариерен развој на учениците во основните училишта |
| **Предлагач** | Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на проект од областа |
| **Стратешки насоки и цели:** | - Надминување на стереотипите во изборот на образованието и професијата преку стручни анализи и совети за кариерен развој<br>- Зголемување на знаењето и информациите кај наставниците, учениците и родителите за професиите и различните кариери кои се на располагање<br>- Поддршка и насоки за избор на понатамошно образование |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | - Надминување на родовите стереотипи при избор на средно образование<br>- Преку совети за кариерен развој да им се овозможи на основци информиран избор на средното образование<br>- Спроведувањето на проектот за кариерен развој да стане реална пракса во основните училишта при што резултатите ќе покажат избор на образование согласно талентот, капацитетот и желбата на учениците |
| **Целна група:** | Сите основни училишта во Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 200.000,00 денари |

| 4. | Дигитална писменост |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Реализација на проекти за анализа на состојбата за вклученоста на жените и мажите во дигиталниот свет, за зголемување на учеството во информатичкиот сектор, како и проектни активности кои се во насока на зголемување на дигиталните способности и интернет знаењата особено кај ранливите групи на граѓани (лица од трето доба, лица во социјален ризик, маргинализирани групи и сл.) |
| **Предлагач на проектот:** | Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на проект од областа |
| **Стратешки насоки и цели:** | Да се зголеми интересот и знаењето за дигитализицијата<br>Преку имплеметација на соодветни проекти да се зголеми дигитална писменост кај сите жители од општината. |
| **Очекувани резултати:** | - Поголем број на жени во информатичкиот сектор,<br>- Унапредување на дигиталната писменост |

| | |
|---|---|
| | - Олеснување на транзицијата од традиционалниот кон дигиталниот начин на работење |
| **Целна група:** | Жители од Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000,00 ден |

| 5. | Фитнес за жени и мажи |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Спроведување на бесплатни часови по фитнес, пилатес, јога и други спортски техники |
| **Предлагач на проектот:** | Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на проект од областа |
| **Стратешки насоки и цели:** | Унапредување на здравјето и здравите навики кај жените и мажите |
| **Очекувани резултати:** | Зголемена свест за спортување, подобрување на здравствената состојба, создавање здрави навики за живот |
| **Целна група:** | Сите жители од општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 200.000.00 ден |

| 6. | Поддршка на Локалниот совет за женско претприемништво |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Реализација и спроведување на проектни активности како што се:<br>- Учество на ЛСЖП на настани од областа<br>- Форуми и трибини за претприемништво<br>- Меѓуопштинска соработка<br>- Организирање на активности за поддршка на жените претприемачи<br>- Стратегија за развој на претприемништвото<br>- Вмрежување на бизнисите од општината преку локална база на претприемачи |
| **Предлагач на проектот:** | Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на активности од областа на претприемништвото |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | - Промоција и поддршка на жените претприемачи од општина Карпош<br>- Поддршка на претприемништвото во општината преку заедничка соработка и вмрежување на сите претприемачи од општината<br>- Изработка на локална стратегија за унапредување на претприемништвото |
| **Очекувани резултати:** | - Зголемен број на нови бизниси,<br>- Вмрежување на претприемачите од општината,<br>- Соработка и поддршка со сите релавантни тела и институции |
| **Целна група:** | Сите жени од општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000.00 ден |

**Вкупна предвидена финансиска рамка: 1.700.000,00 денари**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 1.700.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

Програмата е отворена за изменување и дополнување во текот на целата година согласно потребите кои ќе се појават.

## IV. Завршни одредби

Координаторот за еднакви можности меѓу жените и мажите со Секторот за финансиски прашања и Секторот за јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата, а истото може да биде дел од кој било сектор на Општината во непосредна соработка со Градоначалникот на Општина Карпош.